РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 09. 02. 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 25 | | |

( Образец ПП……)

**До: ОПШТИНА БИТОЛА**

**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted] [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молам за детална информација во врска со исплатата на штетите од земјотресот во Општина Битола од 2022. Со оглед на тоа дека проценката на штетите од страна на Општина Битола е направена пред три години, би скала да добијам информација која ќе ми биде исратена преку е маил:

1. Вкупен број на поднесени барања од граѓани за обештетување од земјотресот од 2022

2. Вкупен број на лица вклучени во постапувањето по барањата и број на формирани комисии за теренски увид на штетите.

3. Дали членовите на комисиите за процена на штети добиле паричен надомест за работата што ја вршеле, надвор од нивните редовни месечни примања.

Доколку одговорот на точка 3 е потврден, да ми се достават:

- одлуката/актот врз основа на кој е одобрен надоместокот,
- пресметка на исплатениот надоместок поединечно за секој член на комисијата, без лични податоци (согласно прописите за заштита на лични податоци).

4. Причините поради кои не е јавно достапен списокот со пресметани надоместоци на штета за граѓаните.

5. Највисок и најнизок износ на исплатен надоместок на штета на граѓани по поднесените барања.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Комсија за штети од земјотрес

Бр.11-25/2
09.02.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-25/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

09 02 2026

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 20. 02. 2026
Орг.Един.: 11 | Број: 25/3 | Прилог: | Вредност:

Бр. 11-25/3 од 16.02.2026

**До**

**Лице за посредување при остварување**

**на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Марија Атанасовска**

ПРЕДМЕТ: **Известување**

Почитувани,

Во врска со вашето доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-25/2 од 09.02.2026 година а кое се однесува на информации поврзани со штетите од земјотресот во Општина Битола од 2022 год, Ве известуваме за следното:

Што се однесува до вкупниот број на барања, Ве известуваме дека се работи за 2.703 поднесени барања а одобрени 2.435 барања.

По однос на вкупен број на лица вклучени во постапувањето по барањата, Ве известуваме дека се работи за 20 лица, членови на Комисија, согласно Одлука на Совет на Општина Битола. Исто така, Ве известуваме дека утврдувањето на штетата се вршеше од членови на Комисијата, согласно утврдена Методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи, при што Комисијата ги разгледа документите, излезе на терен и беше постапено согласно Методологијата. Исто така, беше изготвен Елаборат во кој што се класифицирани штетите спрема видот на градбата, старост на објектот, катноста на објектот и слично и истиот усвоен од Советот на Општина Битола.

Во врска со прашањето за паричен надомест на членовите на Комисијата, Ве известуваме дека на членовите на Комисијата им е исплатено согласно Одлука донесена од страна на советниците на Совет на Општина Битола, во согласност со бројот на сработени предмети.

Во однос на прашањето за највисок и најнизок износ штета, по поднесени барања, Ве известуваме дека исплатата на надоместок на штета се движеше од 0 до 16.000,00 денари.

Со почит.

**Комисија за проценка на штети**

**од елементарни и други непогоди на Општина Битола**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**

**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-25/4
20.02.2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] , поднесено на **09.02.2026 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-28** од **09.02.2025 година**, каде бара информации за исплата на штети од земјотресот во Општина Битола од 2022 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted]однесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-25 на ден 09.02.2026 година. Во барањето наведе дека бара информации за исплата на штети од земјотресот во Општина Битола од 2022 година .

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-25/1 од 09.02.2026 год.
2.Допис до одделение комисија за штети од земјотрес со бр. 11-25/2 од 09.02.2026 год.
3 Одговор од комисија за штети од земјотрес со бр.11-25/3 од 20.02.2026год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 20.02.2026 година, под бр. 11-25/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Марија Атанасовска**
-----------------------------